




# БЕШАМЕЛОТ КАКО МАЛТЕР НА НАЦИЈАТА: ПРИКАЗНАТА ЗА СЛАВНИОТ ГРЧКИ ГОТВАЧ ЦЕЛЕМЕНТЕС

На 22 април во МКЦ се одржа трето издание на изложбата „Поместени граници", оваа година со наслов „Молк за...". Помеѓу изложените дела од неколку автори, едно ни остави посебен впечаток, затоа што ги поврзува (на начин на кој тоа делумно го правиме со „Јадење книги") храната и идеологијата.

Share 30



Станува збор за фото-есеј составен од 16 панели на уметникот-антрополог Софија Григоријаду од Атина, поставен на софра на која се служеа традиционални јадења карактеристични за Грција и за Македонија. Главен елемент притоа беше бешамелот, оној кој гастрономски, но и идеолошки го промовирал во грчката и во другите балкански кујни првиот грчки „шеф", Николаос Целементес.

Целементес се родил во 1878 на островот Сифнос, но пораснал во Атина, каде најпрвин работел како службеник, а потоа како готвач во семејниот ресторан. Откако се вратил од едногодишен престој во Виена, каде отишол да ги научи и западните рецепти, почнал да работи за различни амбасади. Во 1910 ја напишал „Одигос магерикис" или „Водичот за готвење" кој содржел рецепти кои ја комбинирале западноевропската со балканско-ориенталната кујна, но и ставови кои одразуваат една цела идеологија поврзана со идентитетот, националните и родовите прашања. Токму оваа книга станала основа за гастрономското и инакво воспитување на генерации и генерации грчки домаќинки, а „целементес" станал синоним за некој кој е мајстор во кујната.







НАЈЧИТАНИ

24 ЧАСА 7 ДЕНА 30 ДЕНА


Бешамелот како малтер на нацијата: приказната за славниот грчки готвач Целементес


Сенката како граѓанско право


Совети за дигиталното доба од средовековни монаси

Она што тој го направил, инспириран од престојот во Западна Европа а подоцна и САД, е што ја минимизирал употребата на зачини, а во грчката (медитеранската, балканската) кујна ги вовел дотогаш непознати или маргинализирани состојки како путер, сосови, желеа и други, без кои менито на грчките таверни денес би изгледало сосема поинаку.



Но ова не биле само гастрономски интервенции. На овој начин било извршено „дисциплинирање“ и „цивилизирање“ на сетилно хаотичните и пренагласени ориентални јадења. Притоа, особено е битна улогата на бешамелот, неговата белост и речиси отсуство на вкус, кој покрива, но и прикрива. Напорите на Целементес во областа на гастрономијата коинцидираат со оние на политичкиот естаблишмент во Грција во 19 век да ја „исчистат“ грчката историја од отомански влијанија, и да воспостават наводна директна врска на модерна Грција со класичната антика. Атина во 19 и 20 век станала „безвременски главен град“ а археологијата придонела за покривање и прикривање на она што не влегувало во склоп на официјалната идеологија - биле рушени џамии и куќи кои асоцирале на дел од минатото кое требало да биде заборавено, биле менувани места на улици и локации, а целиот план на градот бил редизајниран така за да орбитира околу античкиот Акропол и да води кон него.

На родов план, готвачот на Целементес им се обраќа на жените, на кои им советувал да ги усреќуваат своите сопрузи со готвачките вештини, но и со послушност. „Ако заклучиш дека твојот сопруг нема срце, не заборавај дека тој сепак има стомак. Погрижи се за него и биди убедена дека ќе го освоиш“. Професорот Спирос Мелас во 50-тите на 20 век, инспириран од славниот готвач, напишал: „Единственото нешто што треба да го прават младите жени, е пет минути во денот да си ги навалат главите над книгата на Целементес“, кој бил испратен од Бога за да ја среди грчката кујна, да го спаси грчкиот стомак, а со тоа и целата нација.



За Целементес, коментаторите напишале:

„Талентиран теоретичар испратен од Бог за да ја дисциплинира грчката кујна, за да го спаси грчкиот желудник и, заедно со него, и Нацијата“ (С. Мелас).

„Со неговата грамадна расправа, вистински кулинарен монумент, Целементес ја пренесе грчката тава во модерната култура“ (Матамор, весник *Етнос*).

„Цивилизатор на грчкото непце, тој ги доведе произволностите во нашата кујна во ред. Тој ѝ даде карактер на кујна која не беше ниту целосно источна, ниту целосно европска“ (П. Палеологос, весник *Вима*)



На Меѓународниот ден на книгата

**Откриена „дата базата“ на сите книги во Европа од 16 век**



**„Тоитоитои“: суеверија на музичарите**



**Не баш „дебата на векот“: Питерсон наспроти Жижек**



**Како се случува песна?**



**Повторувањето не е мајка на досадата**

## Што се чита во комшии?

1. „За мојот пријател Путин диплома за почесен...
2. Жител на Неготино приведен за убиството во „Селиште“
3. Во право беше Роуз кога рече дека повеќе троши во...
4. Ципрас: Решението со Северна Македонија ја...
5. Руската агентка Марија Бутина осудена во САД на...

Извор: МКД

## МАКЕДОНШТИНА



**Наша дефиниција за богохулење**



**За оние на кои Гугл им е матичен**



**Македонија до Њукасл**



**Сувенир на денот**



**Опис кој кажува и повеќе од планираното**

BookBox
Like Page 4.6K likes
Be the first of your friends to like this

Концептуалното дело на Григоријаду ги поврзува овие идеолошки практики од Грција во 19 век со она што му се случи на Скопје од 2014-та наваму. Покривањето и прикривањето со градежен „бешамел“ е симболизиран преку тоа што изложената храна (тавче гравче, ќебапи и бурек) се сервирани покриени со оваа течност, но распределена преку нив со користење на градежни алатки, на пример мистрија. Некои од нив на тој начин стануваат повкусни, но некои се не само естетски грди, туку и неподносливи за јадење.

Иако објавено пред повеќе од 100 години, готвачот на Целементес продолжува да се печати и промовира како најрепрезентативен за грчката кујна. Иако белиот крем содржан во него ја покрива и вистинската природа на ставовите на нејзиниот автор, кои се пројавуваат на различни локации и во различни форми и денес.

фото горе: Ана Лазаревска

BookBox
Like Page 4.6K likes

Recommend 30 people recommend this. Sign Up to see what your friends recommend.

27 април 2019 - 11:29
**ТАГОВИ:** грција кујна готвач целементес идеологија скопје 2014

## BOOKBOX


**Сенката како граѓанско право**


**Совети за дигиталното доба од средовековни монаси**


**Како се случува песна?**


**„Тоитоитои“: суеверија на музичарите**

**ЧИТАНКА** **ГЛЕДАНКА**




off.net.mk
И вие да си дочекате толкава фактура за данок

offside
Дечки да се загреевме бе а?

bookbox
Бешамелот како малтер на нацијата: приказната за славниот грчки готвач Целементес

софка за двајца
Супа од печени домати

net roulette
Madonna, Maluma // Medellín

набрзинка
За шареноглики, а не „етнички чисти“ дворови

бавчи
Кратка Убер-хорор приказна

daily
Град со големина на орев паѓаше низ земјава

## ШТЕТА АКО СТЕ ПРОПУШТИЛЕ




@offnetmk f / offnetmk RSS